**Д-рАлександар Маршавелски, доцент**[1]

# АНАЛИЗА НА КАЗНЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ КАКО ПРАВНИ ЛИЦА[2]

**УДК: 343.222:329**

**1.01 Изворна научна статија**

## Апстракт

Кога станува збор за расправата во врска со казнената одговорност на политичките партии, како клучни спротивставени интереси се појавуваат интересите на правдата и интересите на демократијата. И покрај тоа што историскиот развиток на казненото право се движеше во насока на напуштање на колективната одговорност, новите тенденции укажуваат на тоа дека индивидуалната казнена одговорност е сепак недоволна. Некои казнени дела се извршуваат од името на колективот и за задоволување на неговите интереси. Поради тоа, се смета за праведно да се казни целиот колектив како таков, а не само неговите поединци. Таков интерес на правдата постои и во поглед на политичките партии. Авторот во овој труд ја анализира проблематиката на казнената одговорност на политичките партии како правни лица

**Клучни зборови:** политички партии, правни лица, кривично законодавство.

## I. Вовед

Улогата на политичките партии во казненоправните системи обично се гледа низ призмата на овластувањата што тие ги имаат преку членовите на извршната и законодавната власт и во создавањето на казнената политика на одредени земји.[3] Во модерните демократии, уставното право им дава голема моќ поради фактот што

[1] Доцент на Правниот факултет во Загреб.

[2] Авторот му е благодарен на колегата, м-р Андреј Божиновски, кој ја преведе статијата на македонски јазик.

[3] Види, на пр.:Shanon L. Bridgmon, Phillip B. Bridgmon, Ideology and Party Responsibility Within the Law and Justice Policy Domain, Criminal Justice and Policy Review, Vol. 21, issue 2, 2010, pp. 223 -238.

граѓаните ги избрале токму нив, преку демократски избори за да ги претставуваат нивните интереси. Сепак, во јавноста сè повеќе се покажува дека и политичките партии се способни за извршување кривични дела – било тоа да значи злоупотребување на својата положба и овластувањата (на пример, полицијата, војската и финансиската моќ врз буџетот), во својство како владејачка партија, или преку извршување незаконски акти како опозициска партија (политички казнени дела, тероризам и сл.).

Во литературата досега речиси никој не се осврна на проблематиката на кривичната одговорност на политичките партии[4], бидејќи оваа форма на одговорност на политичките партии до неодамна беше можна само во правната теорија, меѓутоа, во практиката,одговорноста на политичките партии не се појави прва во демократските земји. Така, и според македонскиот Кривичен законик, политичката партија може да биде одговорна како правно лице, но досега ниту една политичка партија не одговарала за сторено кривично дело.[5] За разлика од многу земји во кои сè уште постои дискусија дали политичките партии треба да се сметаат за правни лица (особено во англосаксонските земји), во Република Македонија, кривична одговорност на политичките партии е предвидена во чл. 122 став 6 од Кривичниот законик. Во наведената одредба јасно пишува дека како правни лица се сметаат и политичките партии.

Актуелниот случај од Хрватска нè учи дека ова прашање неспорно има и практично значење. Имено, првиот случај во демократска земја каде што политичка партија, како правно лице, била обвинета и осудена за криминал, се случи токму во Хрватска и тоа се однесуваше на една од главните политички партии – Хрватската демократска заедница (ХДЗ). Правосилната пресуда за злоупотреба на службената положба и овластување на ХДЗ беше донесена во март 2014 година.[6]Меѓутоа, во септември 2015 година, Врховниот суд на Република Хрватска ја поништи пресудата и

---

[4]Види во првите трудови за оваа тематика: Marsavelski, A., Responsibility of Political Parties for Criminal Offences: Preliminary Observations, Challenges and Controversies, in A.-M. Getoš, H.-J. Albrecht & M. Kilchling, Mapping the Criminological Landscape of theBalkans, Dunker & Humblot, Berlin, 2014., стр. 499-525; RoksandicVidlicka, S., Marsavelski, A., Criminal responsibility of politicalparties for economic crimes: Democracy onTest, in: P.C. van Duyneetal. (eds.), The relativity of wrongdoing: Corruption, organized crime, fraud and money laundering in perspective, Wolf Legal Publishers, Oisterwijk 2015.

[5] Статистичка анализа е достапна во: **Деаноска-Трендафилова, А., Божиновски, А.**, Казнената одговорност на правните лица во Република Македонија – актуелни состојби и политика на казнување, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 21, бр.1, 2014, стр. 136-154; види иКамбовски, В., Витларов, Т., Казненоправна одговорност на правните лица според Новелата на КЗ од 2009 година, https://scholar.ugd.edu.mk/tvitlarov/files/kaznenopravna_odgovornost_na_pravnite_lica_spored_novelata_na_kz_od_2009_godina.doc

[6]Županijski sud u Zagrebu, 13 K-US-8/12, 11.3.1015.

го прати случајот назад на повторно судење.[7] Овој случај ќе послужи како пример на кој ќе примениме одредени теоретски проблеми за примената на кривичното право врз оваа специфична група правни лица. Притоа,во текстот ќе се осврнеме и кон применливоста за кривична одговорност на политичките партии во Република Македонија –особено во контекст на неодамнешните политички афери што доведоа до сегашната политичка криза во Република Македонија.

**II. Теоретските и криминолошките прашања на кривичната одговорност на политичките партии**

Во повеќето земји, сè уште е тешко или невозможно да им се пропише казнена одговорност на политичките партии. Причините за тоа се главно правните пречки во кривичниот прогон или во одговорноста на политичките партии, или, пак, најчесто недостиг на волја на органите на кривичниот прогон да ги гонат политичките партии. Меѓутоа, постои извесен парадокс во однос на ова прашање: политичките партии се носители на највисоките државни функции кога управуваат со државата, меѓутоа, сносат мала или незначителна одговорност за своите постапки. За тоа постојат две главни причини. Првата причина се состои во фактот што класичната доктрина на кривичното право ја отфрла можноста за колективна кривична одговорност,а втората причина е тоа дека владејачката партија, како создавач на правните прописи што ги регулираат нивните активности и ги дефинираат правата и обврските на одговорните лица, кои до одреден степен може да влијаат и врз судскиот систем, се во позиција да ја намалат можноста за санкционирање на своите постапки.[8] Овој *Circulus vitiosus* доведува до создавање на системот „Власт без одговорност", односно, од една страна, им овозможува на политичките партии власт и функции, додека, пак, од друга страна, ризикот за санкционирање нелегални активности е минимален или непостоен.[9]

---

[7] VSRH, I Kž-Us 130/14-10, 30.9.2015.

[8] Пример на обид на таков вид на влијание врз правосудството се случи во Македонија во април 2016. година кога претседателот Ѓорѓе Иванов, избран од владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, реши да аболицира 56 политичари од неколку партии (за да прикрие вистинскиот мотив на тие аболиции). Мотивот беше да ги заштити интересите на владејачката партија за која има директни докази дека е поврзана со кривични дела против приватноста на граѓаните (масовни прислушкувања), изборен криминал и корупција. Меѓутоа, реакциите на меѓународна заедница, правните експерти и масовните демонстрации на граѓаните во рамки на т.н. „шарената револуција" во Македонија го притиснале Иванов целосно да ги поништи аболициите во јуни 2016.

[9] Marsavelski, A., op.cit., стр. 524-525.

Некои автори предлагаат воведување кривична одговорност на правни лица за сторени меѓународни злосторства.[10] Уште од времето на Нирнбершките судења на членовите од Нацистичката партија[11], еден од скриените предизвици на меѓународната правда е изнаоѓање начин како да се осудат политичките партии за сторени тешки злосторства. Меѓутоа, за ова прашање сè уште не е пронајдено соодветно решение поради разликите во пристапот на казнената одговорност на правните лица меѓу државите. Меѓународното право не е во можност да прифати единствен модел, кој би се применувал за казнена одговорност на политичките партии.

Во време на економска криза доаѓа до интензивирање на јавните повици за одговорноста на политичарите и нивните партии. Политичарите осомничени за корупција се на првото место во фокусот на истрагата, спроведена со цел да се разоткријат сите сомнителни политички одлуки, особено за сторени трансакции од државниот буџет и за казнување на одговорните лица. Поради тоа е неопходно да се преиспитаат тезите на класичната школа за казненото право за исклучива казнена одговорност на поединецот (во конкретниот пример, членови на политички партии). Пред нас е нова ера на одговорност на политичките структури, бидејќи постои тенденција што укажува на фактот дека сè повеќе држави во нивните законодавства воведуваат казнена одговорност на политичките партии.

Сепак,досега немало научни и стручни истражувања за казнената одговорност на политичките партии за сторени кривични дела. Оваа проблематика досега сеспомнувала само повремено и во контекст на предлозите за воведување казнена одговорност на правните лица, а понекогаш и во контекст на кривичната одговорност на злосторнички организации. Причината за занемарување на оваа тематика лежи во фактот дека до неодамна не ни постоеја кривични постапки против политичките партии како правни лица. Меѓутоа, потребно е да се има предвид дека случаите за сторени кривични дела од страна на партиите, генерално, имаат силен ефект врз политичкиот систем на една земја.

---

[10]Види,на пр.: Engelhart, M., International Criminal Responsibility of Corporations, во: Cristoph Burchard, Otto Triffterer & Joachim Vogel (eds.) The Review Conference and the Future of the International Criminal Court, Kluwer, 2010., стр. 175-189. Види и: Stoichkova, D.,Towards Corporate Liability in International Criminal Law, Intersentia, 2010.

[11]Во Нирнберг,три тела на Нацистичката партија беа осудени како криминални организации: Политичко водство (*KorpsderpolitischenLeiterder NSDAP*), Заштитна служба СС (*Schutzstaffelnder NSDAP*), Безбедносен одред СД (*SicherheitsdienstdesReichsführer SS*); Јуришни единици СА (*Sturmabteilungender NSDAP*) беа ослободени. Види во: NurembergJudgment, IMT Judgment for the Trial of German Major War Criminals, 30 September and 1 October, 1946, paras 472-482.

Дури и денес, поради тоа, во практиката како најприфатени различни алтернативи на казненоправниот пристап на кривична одговорност на партиите се: уставно-правни (испитување на уставноста на работата на политичките партии), политички (губење на власта како санкција од граѓаните, на избори), граѓанско-правни(одговорност на политичките партии за надоместокот на штета) и административно-правни (административни санкции за политичките партии). Овие алтернативни пристапи до одреден степен се генерално оправдани со оглед на тоа дека казнената одговорност треба да биде *ultima ratio,* т.е. крајна мерка на државната политика. Сепак, се поставува прашањето дали можат таквите мерки со вредносно благ карактер да бидат соодветна реакција на сторени тешки казнени дела на политичките партии? За да се даде одговор на ова прашање, потребно е да се осврнеме кон етиологијата на криминалитетот на политичките партии.

Причината за криминалитетот на политичките партии треба да се набљудува низ судирот на двете нивни спротивставени интереси: волјата за моќ (Wille zur Macht)[12] и обезбедувањето просперитет на граѓаните.[13] Кога во доктрината на политичката партија сè почесто е изразена волјата за моќ (власт), односно таа се наоѓа пред волјата за обезбедување благосостојба на граѓаните, тогаш се создаваат погодни услови за сторување криминал од страна на политичките партии.[14] За истражување на причините за криминалитетот на политичките партии, битни се соодветните криминолошки теории – пред сè, Мертоновиот концепт: (а) Иновација – карактеристична за политичките елити, кои во неможност за остварување на општествените цели (финансиска и политичка моќ), се впуштаат во нелегални активности за нивно остварување и (б) Побуна – карактеристична за политичката опозиција (особено во тоталитарни услови), која не ги прифаќа општествено прифатените цели ниту, пак, легалните средства за нивно остварување и единствениот излез го гледа преку револуција.[15] Од друга страна, според тезите на критичката и радикална криминологија – политичките елити донесуваат законски решенија што им служат на нивните интереси,[16] што има логична последица – неодговорност на политичките партии.

[12]Nietzsche, F., Thus Spoke Zarathustra (Adrian del Caro&Robert Pippineds.), Cambridge University Press, 2006, стр. 88.
[13]Locke, J., Second Treatise of Civil Government, in John Locke, Two Treatises of Government and A Letter Concerning Toleration (Ian Shapiro ed.), Yale University Press, 2003, § 161, стр.. 172;Jeremy Bentham, A Fragmenton Government, Cambridge University Press, 1988, стр. 3.
[14]Marsavelski, A., op.cit., стр. 505.
[15]Merton, R.,Social Structure and Anomie, American Sociological Review, Vol. 3 (1939), стр. 678.
[16]Quinney, R.,Class, State and Crime, NewYork, 1977., стр. 50, 52.

Природно е политичките партии да се стремат кон општествена неодговорност, меѓутоа, работата на правниот систем е токму тоа да обезбеди кривична и друга одговорност на политичките партии.

Причините за криминалитетот на политичките партии треба да се бараат и во условите каде што недостигаат законски механизми за контрола на активностите на политичките партии, особено во земјите во развој и земјите во транзиција, каде што таквите околности претставуваат дополнителен поттик за деликвентно однесување. Оваа тенденција треба да се гледа, пред сè, во контекст на криминолошките теории на „беззаконие“ (anomia)[17] и „скршени прозорци“[18]. Покрај тоа, еден од главните проблеми на земјите во транзиција, меѓу кои е и Република Македонија, што уште повеќе ја усложнува расправата за оваа тема, е тоа како да се обезбеди правично судење на политичките партии. Имено, во услови на транзиција, обично се јавуваат тешкотии во спроведувањето непристрасна кривична постапка во политички чувствителни случаи. Така, кривични постапки против политичките партии често имаат допирни точки и со политичките судења[19], затоа што секогаш постои опасност судењата на политичките партии да се претворат во политички судења. Па, токму поради тоа е потребно да се развијат механизми што би придонеле за избегнување вакви ситуации.

### III. Феноменологија на криминалитетот на политичките партии

Во овој дел ќе ги анализираме типичните кривични дела, кои во досегашната практика ги извршувале политичките партии: (1) меѓународни злосторства, (2) политички кривични дела, (3) економски кривични дела, (4) кривични дела од омраза, (5) кривични дела против приватноста, (6) кривични дела поврзани со изборите и со гласањето.

*Меѓународни деликти*. Спроведеното истражување на судската практика, како и историските факти во предметите што ги опфаќаат меѓународните злосторства,

[17]Види: Durkheim, E., Suicide: A study in sociology, (GeorgeSimpsoned.), Routledge, 2005 (1897), p. 330.; Albrecht, H.-J., Countries in Transition: Effects of Political, Social and Economic Change on Crime and Criminal Justice–Sanctions and Their Implementation, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 7/4, 1990., pp. 448-450.; Macionis, J.J. &Gerber, L.M., Sociology, Pearson Canada, Toronto, 2010, p. 97.

[18] Вилсон и Келинг иницијално ја примениле теоријата на „скршени прозорци“ во полиција и безбедност во комшилук. Види:Wilson, J. Q. &Kelling, G.L. (1982), Brokenwindows, AtlanticMonthly 249.3., 1982., pp. 29-38.

[19]Види:Posner, E.,PoliticalTrialsinDomesticandInternationallaw, DukeLawJournal, Vol. 55 (2005), стр. 78.

укажува на тоа дека најтешките злосторства главно се сторени, поттикнати или се потпомогнати од страна на владејачките политички партии. Иако во анализираните случаи судовите немале законски овластувања ниту правна основа за да ги казнат политичките партии, анализираните факти укажуваат на тоа дека:

- Партијата за единство и напредок (İttihatve Terakki Cemiyeti) е одговорна за злосторствата против човечноста познати како „Ерменскиот геноцид“;[20]

- Комунистичката партија на Камбоџа, односно режимот на Црвените кмери,[21] е одговорна за злосторствата познати како „Геноцид во Камбоџа“;[22]

- Партијата Коалиција за одбрана на Републиката (Coalition pour la Defense de la République) е одговорна за геноцидот во Руанда;[23]

- Српската демократска партија (СДС) е одговорна за злосторството познато како „Босански геноцид“.[24]

Наведените меѓународни злосторства во литературата често погрешно се подведуваат под категоријата државен криминалитет или, пак, криминалитет на одреден народ. Така, често се тврди дека Турците го извршиле геноцидот врз Ерменците, односно дека за геноцидот е одговорно Османлиското царство. Од друга страна,дека Босанскиот геноцид го извршиле Србите и дека за тоа е одговорна СР Југославија, односно Србија и Црна Гора. Меѓутоа, интересно е тоа дека вториот пример го доби долго очекуваниот епилог пред Меѓународниот суд на правдата, чија пресуда предизвика големо разочарување во Босна и во Србија. Судот одлучи дека Србија не може да се смета за одговорна за геноцидот извршен од страна на вооружените сили на Република Српска, бидејќи не извршила геноцид ниту преку

---

[20]*Armenian Genocide Case* (1971 [1919]), Martial Court Judgment, Official Gazette of Turkey, No. 3604, 22 July 1919. Translation by H. K. Kazarian Armenian Review, Vol. 24, No. 4, стр. 19-26.

[21]*Prosecutor v. Nuon Chea& Khieu Samphan*, Case 002/01, Judgment of 7 August 2014, Case No. 002/19-09-2007/ECCC/TC, p. 111. Тука не мисли на „геноцид“ како правен термин, затоа што во тоа време геноцидот не бил признат како меѓународно злосторство.

[22]Hannum, H. &Hawk, D., The Case Against the Standing Committee of the Communist Party of Kampuchea, Cambodia Documentation Commission, NewYork, 1986.Во литературата сè уште е дискутабилно дали може тоа злосторство правно да се квалификува како геноцид, но барем е неспорно дека се работи за злосторство против човештвото.

[23]*Prosecutor v. Nahimana, Barayagwizaand Ngeze* (2003), Case No. ICTR-99-52-T, TrialChamber I, Judgment and Sentence, 3 December 2003.paras 339-341, 951.

[24]*Prosecutor v. Brđanin* (2004), CaseNo. IT-99-36-T, ICTY TrialChamber II, Judgmentof 1 September 2004 para 80-82, 118, 235 (Брѓанин е осуден за злосторства против човештвотои за воени злосторства); *Prosecutor v. Krajišnik&Plavšić,* Factual Basis for Plea of Guilt, Case No. IT-00-39&40-PT, 30 September 2002, paras. 12, 19 (Плавшиќ и Краjишник се осудени за злосторства против човештвото); *Prosecutor v. Krajišnik*, CaseNo. IT-00-39-A, ICTY Appeals Chamber Judgment, 17 March 2009.para 216.

своите службени државни органи ниту, пак, повикувала на геноцид преку своите државни претставници. Од друга страна, судот ја прогласи Србија за виновна што не сторила сè што било во нејзина моќ за да го спречи геноцидот направен од Република Српска, а притоа ниту ги казнила ниту, пак,ги предала извршителите на геноцидот на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Со тоа, Србија стана првата и единствена земја во светот, која по оцена на Меѓународниот суд на правдата ја прекршила Конвенцијата за спречување геноцид. Пресудата е донесена 7 години по падот на режимот на Слободан Милошевиќ.

Затоа, во литературата, широко застапениот поим за државен криминалитет (StateCrime) треба да се отфрли и да се замени со поимот режимски криминалитет. Дури тогаш во криминолошките и правно-теориските расправи може да се создадат предуслови за разбирање на организираниот криминалитет на владејачките политички партии преку искористување на своите режимски моќи. Постојат низа важни теоретски и практични аргументи за отфрлање на поимот за државен криминалитет: (1) Државата не може да стори кривично дело против својот народ, бидејќи токму тој народ е нејзин составен дел (пример, геноцидот во Руанда); (2) Дури и кога народот остварува некаква корист од режимскиот криминалитет, никој нема право да пропишува колективна кривично-правна одговорност на населението во една држава, туку само морална одговорност, како што беше примерот со нацистичка Германија; (3) Во државите каде што е изразена поделбата на власта, припишувањето одговорност на државата може да биде целосно неправедно (пример, ако извршната власт ги пречекори своите овластувања и стори казнено дело против државата); (4) Современиот подем, односно партикрацијата резултира со слабеење на улогата на државните органи, која ја преземаат други тела што се одговорни за *defacto* режимски криминалитет; (5) Режимски криминалитет е главно извршен со намера за зачувување на власта на владејачката партија, а не поради остварувања на некои други државни интереси; (6) Последиците од судските процеси и санкции против државата како последица од сторените злосторства се покажаа како контрапродуктивни.

Анализирајќи ја улогата на политичките партии во најтешките меѓународни злосторства, беше забележано дека злосторствата најчесто се планирани во рамките на самите политички партии. Постојат две главни околности што ги прават политичките партии идеални сторители на меѓународни злосторства. Првата околност е идеолошкиот карактер на партиите, кој особено кај геноцидот, но и кај другите

меѓународни злосторства има посебна улога за остварување на криминалната намера. Втората околност е типичниот колективен карактер на меѓународните злосторства, кои се исклучиво извршени од страна на поединци без соучество на колективот. Од криминално-политички аспект, во случаите на меѓународните злосторства, извршени од страна на политичките партии, соодветно е да се пропише можноста за укинување на политичката партија, иако некои држави тоа изречно го исклучуваат.[25] Меѓу нив е и Република Македонија, чиј Кривичен законик пропишува: „Казната привремена или трајна забрана за вршење дејност и престанок на правното лице не може да се изрече на правно лице основано со закон, како и на политичка партија" (чл. 96-а ст.9). *Delegeferena,* би требало да се дозволи таква можност, поради тоа што меѓународните злосторства се претешки казнени дела за да може да се дозволи натамошно функционирање на партиите одговорни за нивното извршување. Отстранувањето од политичката сцена има симболично значење на обележување одредена идеологија, односно со тоа се праќа порака до граѓаните дека одредена политичка партија има криминален карактер, односно води криминална политика и зад себе остава жртви и страдање, наместо да создава благосостојба за граѓаните, што би требало да биде главна задача на секоја политичка партија.

Недостатокот на македонскиот Кривичен законик е тоа што ниту кај меѓународните кривични дела (чл. 403 до 416а од КЗ) не предвидува одговорност на правните лица, ниту, пак, на политичките партии. Поради тоа, во идните законски измени би требало да го предвиди тоа.

*Политички кривични дела.* Во минатото – во пред демократското општествено уредување – во кривичните дела против државата во најголема мера беа присутни најстрогите казни, додека, пак, во поново време, нивната улога е претежно врзана само за тоталитарните режими како средства на прогон на политичката опозиција. Додека, пак, од друга страна, во демократските општества речиси и го губи своето практично значење. Тие се користат како примери за она што Jacobs го нарекува „Казнено право за непријателите" (Feindstrafrecht)[26], што посебно се забележуваше кај советските

[25] На пр.: Кривичен законик на Франција (чл. 131-39) и Закон за одговорност на правни лица на Хрватска (чл. 16. ст. 3.).

[26] Jakobs, G., Kriminalisierungim Vorfeldeiner Rechtsgutverletzung, Zeitschriftfürdiegesamte Strafrechtswissenschaft, Vol. 97., 1985., стр. 783-785.

политички судења помеѓу двете светски војни.[27] Исто така, таков вид правна регулација претставуваше и правната подлога за прогон на припадниците на Комунистичката партија во САД.

Токму во американскиот пример се гледа развојот на милитантната демократија, која, според практиката на Врховниот суд на САД, ја произведе доктрината на „јасна и присутна опасност" (clearandpresentdanger)[28], што е дополнително конкретизирана во т.н. „тест на непосредни противправни дејства"(*imminentlawlessactiontest*)[29], кои во контекст на тематиката на овој труд може да послужат како корисен правен стандард за разликување уставни и противуставни политички партии. Европската конвенција за човекови права и темелни слободи во чл.11 ја штити слободата на политичко здружување, кое може да се ограничи под два услови: (1) доколку конкретното ограничување е забрането со закон и (2) таквото ограничување да биде неопходно во демократското општество. Според јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за да се задоволи условот „неопходност во демократско општество", потребно е да постојат: (1) силна општествена потреба, (2) Сразмер помеѓу целта која се сака да се постигне и (3) изедначеност со демократските принципи и начела.[30] Се разбира дека наведените правни стандарди не се применуваат само во однос на санкционирањето на политичките партии, туку и во однос на сите казнени дела.

И покрај тоа што се спомнува дека политички кривични дела го губат своето практично значење во демократските земји, тоа не значи дека политичките партии треба да бидат изземени од одговорност за овие кривични дела. Затоа, треба да се истакне дека овде е главниот недостаток на македонскиот Кривичен законик за тоа дека ниту едно казнено дело против државата (чл.305 до 327 КЗ) не предвидува одговорност на правните лица, вклучувајќи ги и политичките партии.

*Економски кривични дела*. Типични одговорни лица во современите политички партии се луѓе што носат „бели јаки", односно лица што уживаат почит и висок општествен статус во нивната област.[31] Поради тоа, и политичките партии

[27] Во „Архипелагот Гулаг", нобеловецот Александар Солженицин ги документирал прогонствата на политичката опозиција од страна на владејачката партија по Октомвриската револуција. Види:Solzhenitsyn, A. (1975), The Gulag Archipelago, Harper & Row, New York, 1975.

[28] *Yates v. UnitedStates*(1957), 354 U.S. 298.

[29] *Brandenburg v. Ohio* (1969), 395 U.S. 444.

[30] Види, на пр.:*Socialist Party and others v. Turkey*(1998), CaseNo. 20/1997/804/1007, ECtHR Judgmentof 25 May 1998.paras. 46-52.

[31] Sutherland, E.H., White Collar Crime, Dryden Press, NewYork, 1949., стр. 9

претставуваат идеална средина за извршување кривични дела, кои Stuherland ги означи со изреката „whitecollarcrime“.[32] Анализата на економскиот криминалитет во кој се вмешани и политичките партии укажува на опасна закана од корумпираните политички партии во демократскиот систем. Пречките за соодветно гонење политичка корупција укажуваат на потребата од воведување казни за казнени дела за прекумерните нелегални политички донации.[33] Имено, откако таквите донации ќе бидат откриени, тие се третираат како административни прекршоци бидејќи е невозможно да се докаже ветената услуга на донаторот. Парите стекнати на тој начин, политичките партии ги користат за натамошно корумпирање на медиумите со цел зголемување на сопствената популарност, која на изборите треба да доведе до задоволување на колективната партиска желба за власт, со што понатаму се продолжува синџирот на корупцијата. Покрај тоа, злоупотребата на службената положба и овластувањата на владејачките политички партии претставуваат директна штета за јавните финансии –токму за тоа казнено дело правосилно беше осудена хрватската партија ХДЗ, како владејачка партија во Хрватска. Тој случај денес претставува преседан во борбата против политичката корупција не само во нашиот регион, туку и во целиот свет. Од друга страна, гонењето на политичките партии за економски криминал, посебно за политичка корупција, може да се анализира како афирмација на демократијата. Меѓутоа, во некои ситуации, тоа може да прерасне и во негација на демократијата, што во минатото може да се види во контроверзните судења на индивидуална казнена одговорност за корупција, како што беше неодамнешниот случај со Јулија Тимошенко во Украина.[34]

За разлика од меѓународните кривични дела и политичките кривични дела, македонскиот законодавец за повеќето кривични дела од областа на економскиот криминал предвидува кривична одговорност на правните лица. Меѓутоа, таквата одговорност не е предвидена за клучното кривично дело – злоупотреба на службена положба и овластување (член 353 КЗ.) –што е пандан на кривичното дело за кое загрепскиот суд ја осуди политичката партија ХДЗ. Затоа, *delegeferenda*, тоа, секако, мора да се пропише.

---

[32]Првпат Сатерленд го искористил тој термин во Sutherland, E.H., White Collar Criminality, American Sociological Review, 1940 Vol. 5, No. 1.
[33]Види, на пр.: чл. 304-бис на шпанскиот КЗ.
[34] Види:RoksandićVidlička i Maršavelski, op. cit., стр. 336-337.

*Кривични дела од омраза.* Оваа група дела, познати во литературата од англиското говорно подрачје како *hatecrime*, често се поврзани со политички радикализам. Особено екстремизмот на десноориентираните политички партии (на пример,Златна зора во Грција) е поврзан со овој вид казнени дела, во кои може да се предвиди и физичко насилство. Меѓутоа, најчестото кривично дело меѓу нив, кое не вклучува физичко насилство, е говорот на омраза (hatespeech). Меѓутоа, политичките партии во демократските системи ја уживаат уставната слобода на изразување, која обично ги штити екстремистичките партии на кривично гонење на говорот на омраза, особено кога станува збор за зборови изречени во парламентот.

Недостатокот на македонскиот Кривичен законик е дека токму кај клучните кривични дела од оваа категорија – „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ од чл. 319 КЗ, „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од чл. 294-г КЗ, „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства од чл. 407-а КЗ, „Расна и друга дискриминација“ од чл. 417 КЗ –не предвидува одговорност на правните лица ниту, пак, на политичките партии. Поради тоа, во идните законски измени тоа треба изречно да се предвиди.

*Кривични дела против приватноста на граѓаните.* Последните анализирани категории казнени дела на политичките партии се кривични дела против приватноста. Додека во тоталитарните држави, практиката на нарушување на приватноста од страна на режимот е вообичаена, во демократските држави претставува голем проблем. Нивната важност во демократските држави е илустрирана преку скандалот *Watergate* од 1970 година, кој доведе до уставна криза во САД.Сличен скандал потоа изби во Бугарија[35], а претходната година и во Република Македонија (т.н.„Бомби“). За клучните деликти од ова категорија кривични дела (чл. 148 до 153 од КЗ), македонскиот законодавец предвидел казнена одговорност на правните лица, така што постои само теоретска можност политичките партии да одговараат за оваа група кривични дела. Притоа, битно е да се напомни дека политичката партија СДСМ не може кривично да одговара за објавување т.н. „бомби“, бидејќи во овој случај е

[35] Се работи за скандалот од 2013 година, кој вклучувал прислушкување политичари, бизнисмени и новинари. Поради аферата, премиерот на Бугарија и лидерот на владејачката партија ГЕРБ, БојкоБорисов, дал оставка, а „Економист“ ја означил како „Источноевропски Вотергејт“. Види:Eastern Europe'sWatergate, The Economist, 29th April 2013, available at http://www.economist.com/blogs/easternapproaches/2013/04/bulgarias-wiretapping-scandal

исклучена противправноста, поради фактот што материјалот е објавен во јавен интерес, односно поради разоткривање на криминалните активности на владејачките партиски структури.

*Кривични дела поврзани со изборите и гласањето*. Изборниот криминал денес е, всушност, можеби најтипична форма на деликвенција на политичките партии, особено во современите демократии – потребно е да се нагласат – необјаснетата изборна контроверзност во САД во 2004 година, каде што кандидатот на Републиканската партија, Џорџ Буш, стана победник. Ефикасната превенција на изборниот криминал треба да биде водена од две навидум контрадикторни начела на изборниот процес: транспарентност на постапката и тајност на гласањето. Притоа, важно е да се има предвид дека секоја изборна нерегуларност не претставува кривично дело, бидејќи тоа може да биде само намерно предизвикана нерегуларност. Правните лица во Република Македонија може да бидат кривично одговорни само за две казнени дела против изборите и гласањето: „Поткуп при избори и гласање“ (чл. 162 КЗ) и „Злоупотреба на средствата на финансирање на изборната кампања“ (чл. 165-а КЗ). Претходните години во Република Македонија,токму во врска со оваа категорија казнени дела се појавија одредени контроверзии. На тоа укажува фактот дека со новелата на Законот за помилување од 2009 година најпрво е исклучена можноста за помилување лица осудени за изборен криминал (чл.1 ст.3 од Законот за помилување), за да може во февруари 2016 година Уставниот суд да започне постапка за оцена на уставноста на таа одредба, поради очигледното влијание на владејачката партија на поединечни судии на Уставниот суд.[36] Имено, оваа реакција на Уставниот суд следуваше по најавите на Специјалното јавно обвинителство на почетокот од 2016 година за покренувањето истрага против министерот за внатрешни работи (член на Извршниот комитет на владејачката партија), поранешниот министер за транспорт и врски (член на Извршниот комитет на владејачката партија), секретарот на Владата на Република Македонија (Генерален секретар на партијата ВМРО-ДПМНЕ) и уште неколкумина членови на наведената политичка партија што се осомничени за изборна измама во 2012 година. Фактите за случајот што сè уште се во фаза на истрага укажуваат дека е можно да се работи за изборна измама од чл. 165 од КЗ, но, исто така, можно е да се работи за други казнени дела против изборите и гласањето. Проблемот е во тоа што за

[36] Камбовски ја означил оваа одлука на Уставен суд како „краен срам за правната професија во Македонија“, „државен удар“ и „крај на државата“. Цитирано во Ризаов, Е., Крај на државата, Утрински весник, 25.2.2016 г., http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=03989408F2353A43BA1B6F40CA215DBE

казненото дело од чл. 165 КЗ не е предвидена казнена одговорност на правното лице, ниту, пак, за политичките партии. Таквата одговорност е предвидена само за две казнени дела од категоријата изборни деликти, а тоа се: поткуп при избори и гласање (чл. 162 КЗ) и злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања (чл. 165-а КЗ). Овој случај укажува на несразмерноста на казнените дела за кои можат кривично да одговараат политичките партии како правни лица и затоа е потребно темелно да се ревидира.

## IV. Модели на кривична одговорност на политичките партии

Генерално, постојат два основни модели за одговорност на политичките партии: моделот на кривична одговорност на политичките партии, како правни лица, и моделот на кривична одговорност на политичките партии, како злосторнички организации. Како по правило, оваа дихотомија е втемелена врз основа на статусот на политичката партија што може да биде „законски“ и „незаконски“. Законските политички партии се оние што во согласност со законот се регистрирани како политички партии, при што им се признава правниот субјективитет. Од друга страна, „незаконските политички партии“ не се регистрирани како политички партии поради неуставниот карактер на нивните цели и активности, односно прогласени се како неуставни од страна на државните тела. Начелно, „законските политички партии“, како сторители на кривични дела, треба да се анализираат низ призмата на казнената одговорност на правните лица, додека, пак, „незаконските политички партии“ треба да се сметаат како злосторнички организации. Во врска со оваа тема, овој труд како предмет ја има само казнената одговорност на политичките партии како правни лица.

Догматскиот пристап кон различните правни теории за одговорноста на правни лица опфаќа цел спектар теории, како што се теоријата на фикцијата[37] и теоријата на реалност[38], па сè до развиените современи теории, како што се теоријата на „вина на организацијата“ (Organisationsverschulden)[39] и теоријата на идентификација (alterego). Токму втората теорија, во однос на позитивното право, е прифатена и во Република Македонија.[40] Основа за казнената одговорност на правните лица е првенствено

[37]Savigny, F.K., Systemdesheutigen Römischen Rechts, Vol. II, 1840, стр. 312.
[38]Gierke, O.,Dasdeutsche Genossenschaftrecht, III., Dritter Band, Berlin, 1881., стр. 202 *etseq.*
[39]Tiedemann,K., Die„Bebussung“ von Unternehmennachdem 2. Gesetzzur Bekämpfungder Wirtschaftskriminalität, Neue Juristische Wochenschrift, vol. 19, 1988, стр. 1171 *etseq.*
[40] Види: Камбовски, В., Казнено право: општ дел, Култура, Скопје, 2004, стр. 362.; **Деаноска-Трендафилова и Божиновски**, оп.цит., стр. 119.Спореди: Ристов, А., Казнената одговорност на

работата на одговорните лица „од името, за сметка или во корист на правното лице" (чл.28-а ст.1 КЗ).[41] Покрај тоа, под одредени услови, „правното лице е одговорно за кривично дело сторено од негов вработен или застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на некој друг му е нанесена значителна имотна штета" (чл. 28-а ст.2 КЗ). Во политичката партија, одговорни лица се првенствено членовите на партиското раководство (претседател, потпретседател, генерален секретар, членови на централниот одбор и др.), меѓутоа, казнената одговорност на партијата може да ѝ се препише и за дејства сторени од страна на други личности (благајник, член на партијата, сметководител и др., само доколку се исполнети сите претпоставки од КЗ). Меѓутоа, во претходното поглавје забележавме дека главна пречка за казнената одговорност на политичките партии во Македонија е несразмерноста на казнени дела за кои може да одговараат правните лица. Санкциите во КЗ и другите законски решенија во РМ се приспособени примарно за казнена одговорност на трговски друштва, а не на политички партии.

Меѓутоа, важно да се биде свесен за последиците на кривичните постапки и санкции изречени на политичките партии, кои можат да бидат фатални за нивната политичка иднина. Разни контроверзии во врска со политичките судења во текот на историјата ја истакнаа потребата за ограничување на кривичната одговорност на политичките партии во области каде што постои ризик од инструментализација на кривичната постапка во судир со опозициските партии. Таква опасност постои и во Република Македонија, бидејќи сè уште е присутно политичко влијание врз судството, па поради тоа неодамна е формирано Специјално јавно обвинителство. Еден од основните предуслови за примена на кривична одговорност во согласност со барањата на владеењето на правото е прочистување на судството од „партиски кадри". Јасно е дека ова ќе биде долг процес, но се поставува прашањето дали Македонија треба да дотогаш да се откаже од кривичната одговорност на политичките партии? Специфичноста на Македонија, за разлика од некои други земји во транзиција, е

правните лица, Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Скопје, 2007., стр. 576-579.

[41] Законот пропишува три алтернативни услови: (1) „извршувањето заклучок, наредба или друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган претставува сторување кривично дело"; (2) „до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган"; (3) „органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето кривична постапка против сторителот". (чл. 28-а ст. 2.КЗ.)

нејзината посветеност да се приклучи кон Европската унија. Токму ЕУ ѝ беше посредник во неодамнешната политичка криза што резултираше со етаблирање на Специјалното јавно обвинителство како институција. Поради тоа, според нашето мислење, во Република Македонија е можно да се реализира тоа со правично судење против политичките партии, меѓутоа, дали таквото судење на политичките партии ќе ги задоволи условите на објективната правда. Имено, со тоа што законски се гарантира дека на политичките партии нема да им биде повредено нивното право на правично судење, не значи дека судството нема капацитет да ги осуди политичките партии за кои има докази дека се одговорни за сторено кривично дело.

Во секој случај, во такви околности треба да се внимава со примената на одредбите во врска со казнената одговорност на политичките партии. Потребно е пронаоѓање соодветен баланс помеѓу интересите на правдата и интересите за зачувување на демократскиот систем. Треба да се има предвид дека секој модел за одговорност на политичките партии за сторени кривични дела има свои предности и недостатоци – илузорно е да се верува дека постои еден единствен модел што одговара за сите ситуации, бидејќи тоа, исто така, зависи од правната традиција (англосаксонска наспроти континентално-европска) на политичкиот состав и од некои други околности.

Во продолжение на овој труд, следува анализа на хрватскиот случај за казнена одговорност на политичката партија ХДЗ (Хрватска демократска десница), врз која е применет моделот на казнена одговорност на политичките партии како правни лица, што исто така е многу сличен со македонскиот модел за казнена одговорност на правните лица.

## V. Светски преседан: случајот со Хрватската демократска десница (ХДЗ)

Судскиот епилог на една од најголемите корупциски афери во историјата на хрватската политика се случи во 2014 година, кога е донесена првостепената осудителна пресуда против една од водечките политички партии во Република Хрватска – Хрватската демократска десница (ХДЗ) и нејзиниот поранешен претседател Иво Санадер.[42] Размерот и големината на овој предмет може да се спореди со судењата пред меѓународните трибунали: 196 сведоци биле испитани во вкупно 130 судски рочишта, а целокупната судска документација надминува 48.000 страници. Ова

[42]Županijski sud u Zagrebu, 13 K-US-8/12, 11.3.2014.

поглавје од овој труд се темели токму врз судските списи, како главен извор на податоци за анализирање на овој случај. Уште долго ќе се расправа за тоа дали овој случај претставува срам од големи размери за хрватскиот правно-политички систем или дали Република Хрватска треба да им служи како пример на другите држави поради одлучното гонење и процесирање високи државни службеници и политички партии со цел спречување на корупцијата присутна во највисоките државни нивоа на власта. Како што е веќе кажано, оваа пресуда претставува преседан не само во регионалната, туку и во светската правосудна практика. Пред овој случај, единствено беше познат примерот од Летонија, каде што се водеше кривична постапка против Работничката партија поради проневера на партиски средства.[43]

И покрај тоа што во Хрватска, во септември 2015 година, Врховниот суд ја поништи осудителната пресуда и го врати предметот на повторно судење, можеби веќе и во оваа фаза, може многу да се научи во врска со целиот предмет. Кривичната постапка започна во декември 2011 година, кога Иво Санадер (поранешен премиер на Република Хрватска и Претседател на ХДЗ) и неговите соработници во ХДЗ и неколку трговски друштва, меѓу кои главна улога имаше „Фими Медиа",[44] беа обвинети за кривичните дела: „Здружување за извршување кривично дело", „Злоупотреба на службената положба и овластување", „Помагање во злоупотреба на службена положба и овластување". Притоа, политичката партија ХДЗ била обвинета само за злоупотреба на службената положба. Според обвинението и правосилната пресуда на Основниот суд во Загреб, помеѓу 2003-2009 година, Иво Санадер ја злоупотребил својата службена положба како премиер на Република Хрватска и како Претседател на владејачката партија ХДЗ со цел да прибави за себе, за ХДЗ и за други правни и физички лица противправна имотна корист. Кривичните дела биле извршени на тој начин што Иво Санадер непосредно договарал и го овластувал г. Младен Баришиќ (поранешен благајник во ХДЗ) да бара од раководните лица на поединечни државни органи и одговорни лица на трговски друштва во целосна или делумна државна сопственост (Хрватско електростопанство, Хрватски патишта, Хрватска пошта, ИНА и уште многу други) своите набавки на стока и услуги, преку системот на јавна набавка, да ги набавуваат и да ги договараат со фирмата „Фими Медиа".[45] Раководното лице на

[43]Vilniausapygardosteismo, Nr.1-5-495/ 2013, 12.7.2013.
[44]Поради големата улога на „Фими Медиа" во криминални дела на ХДЗ, оваа афера во Хрватска е позната како случај „Фими Медиа".
[45]Županijski sud u Zagrebu, 13 K-US-8/12, 11.3.2014.

„Фими Медиа", г-ѓа Невенка Јурак, била овластена дел од тие трансакции да ги задржи за себе, а другиот дел да му го предаде на г. Младен Баришиќ, кој потоа делот му го предавал на г.Санадер. Преостанатиот дел од средствата, г-ѓа Јурак, во вид на политичка донација, го донирала во ХДЗ.[46]

Покрај овие стекнати средства, политичката партија ХДЗ дел од средствата ги остварувала и преку неевидентирани донации што со искористување на својата положба и положбата на партијата ги собирале Иво Санадер и неговите партиски соработници. Некои од тие донации биле недозволени поради преголемиот износ на донацијата и анонимноста на донаторот, а дел од нив, како што претходно напомнав, биле уплатени од страна на „Фими Медиа". Износите на овие донации не се прикажани во деловните книги на ХДЗ, секако, по налог на Иво Санадер, со што настанал и „црниот фонд" на ХДЗ. Од тој фонд се финансираа сите потреби и активности на ХДЗ, а, секако, со дозвола и знаење на Иво Санадер.[47]Сите незаконски прибавени средства, според сведоците, главно се трошеле на изборни кампањи, превисоки хонорари, поткуп на медиуми, луксуз, подмитување други политички партии (Hrvatske stranke umirovljenika)[48] итн. Според судското вештачење, ХДЗ остварила противправна имотна корист во износ од над 3 милиона евра (24.254.497,07 куни), а за сметка на тоа, поединечни државни институции претрпеле вкупна штета што изнесувала речиси 10 милиони евра (71.651.970,74 куни).[49] На политичката партија ХДЗ ѝ е досудена највисоката парична казна и одземена ѝ е противправно стекнатата имотна корист.[50]

Во хрватското казнено законодавство, што е слично со законодавството на Република Македонија, прифатен е моделот на издвојување на одговорноста на правните лица од кривичната одговорност на раководните лица. Политичката партија ХДЗ има статус на правно лице, како и секоја друга политичка партија во Република Хрватска, па врз неа се применуваат и одредбите од Законот за одговорност на правни лица за сторени кривични дела. Според пресудата на Загрепскиот суд, одговорноста на ХДЗ првенствено е поврзана со одговорноста на Иво Санадер, кој, во времето на извршување на кривичните дела, бил претседател на таа партија. Покрај тоа, партијата со опишаните кривични дела стекнала противправна имотна корист, со што се

[46]Ibid.
[47]Ibid.
[48]Ibid.
[49]Ibid.
[50]Ibid.

исполнети претпоставките од чл.3 ст.1 од Законот за одговорност на правни лица за сторени кривични дела, за казнена одговорност на ХДЗ. Врз основа на тоа, партијата беше осудена за казнено дело – злоупотреба на службената положба и овластувања, кои ги извршиле нејзините одговорни лица.

Од предвидените санкции за правни лица, на ХДЗ, во принцип, од страна на судот ѝ беше изречена само парична казна предвидена во КЗ. Највисоката парична казна што судот ѝ ја изрече на ХДЗ изнесува 5 милиони куни (650.000 ЕУР), а притоа судот нареди одземање на противправно стекнатата имотна корист во износ од 24.254.697,08 куни (3,1мил. евра).[51] За значењето и големината на овој предмет упатува и фактот што тоа беше и највисоката парична казна изречена некогаш во Хрватска.[52] Слично како и во Македонија, престанок на работата на правното лице врз основа на казнена одговорност не е дозволено за политички партии (чл. 16 ст.3 од Законот за одговорност на правните лица за извршени кривични дела). Оваа одредба е воведена по примерот на чл. 131-139 од францускиот КЗ поради спречување од злоупотреба на оваа одредба што може да доведе до загрозување на една од темелните уставни вредности: повеќе партиски демократски систем. Од истите причини, на политичките партии не може да им се изрече ни мерката на безбедност „Привремена забрана за извршување одредена дејност или работа“.[53] Покрај тоа, во Хрватска, еднакво како и во Република Македонија, Уставниот суд има овластување да ги надгледува работата и уставноста на политичките партии, при што може во согласност со Уставот да го забрани нивното работење доколку е во спротивност со одредбите од Уставот.

За потребите на овој труд беа анализирани правната заднина на ова судењето, како и образложението на пресудата на првостепениот суд во Загреб, за да може да се испита дали ова судење било праведно и во согласност со законот. Анализата покажа дека пресудата против ХДЗ има 10 главни недостатоци, кои накратко ќе ги изнесеме овде. Од тие 10, 5 произлегуваат од грешки во самото обвинение: (1) Покренато обвинение против ХДЗ за примање незаконски донации со злоупотреба на службената должност и овластување; (2) Нема покренато обвинение против ХДЗ за соучество во злосторничко Здружение; (3) Нема покренато обвинение против други партиски

[51]Ibid.

[52] Пред овој случај, најголема изречена парична казна беше 3 милиони куни (400.000 ЕВРА). VSRH, I Kž-300/11.

[53] Слично, и во чл. 96-в КЗ од Македонија пишува дека казната привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност и престанок на правното лице не може да ѝ се изрече на политичка партија.

службеници, освен претседателот и шефот на сметководството на ХДЗ; (4) Погрешна правна квалификација во обвинението против шефот на сметководството како соизвршител во злоупотреба на положбата и овластувањата; (5) Нема покренато обвинение против Генералниот секретар на ХДЗ. Дополнителните 5 грешки може да му се припишат на судскиот совет: (1) Донесување осудителна пресуда против ХДЗ за период во кој Законот за одговорност на правни лица за извршени кривични дела сè уште немал стапено во сила; (2) Отфрлување на имотноправното побарување на ХДЗ; (3) Делумна повреда на конфронтациското право на ХДЗ; (4) Недостаток во пресметката на имотна штета и корист – остварена со извршените казнени дела од овој предмет; (5) Не земање предвид на финансиските околности на ХДЗ како образложение за изрекување на највисоката парична казна. Покрај тоа, судот требаше да ѝ ги одземе паричните средства на друга политичка партија што ги добила од ХДЗ за тоа што стапи во коалиција со нив, но судот пропушти да го стори тоа. Меѓутоа, од образложението во одлуката на Врховниот суд на Република Хрватска за укинување на првостепената пресуда се забележува дека својот акцент судот го става на тешките повреди на правото за правично судење на Иво Санадер, па дури потоа за кривичната одговорност на ХДЗ.

Во потрага по причините за криминалното однесување на ХДЗ, се покажа дека настанувањето и главниот развој на оваа партија се случиле во воени и транзициски услови во 90-тите години од минатиот век, каде што, како масовна политичка партија, примала членови со различна мотивација, па дури и такви со опасни намери. Работењето на ХДЗ во 90-тите години беше поврзано со условите на автономија на Република Хрватска, каде што кризата на системот на вредности како последица ја имаше ориентацијата на партијата кон власт и моќ, наместо кон овозможување услови за благосостојба на граѓаните. Па, во такви услови, сторени се одредени казнени дела што никогаш не биле ниту процесуирани, ниту гонети. Иако раководството на партијата претрпе измени по Туѓмановата смрт, сите натамошни раководства на партијата беа кадри од 90-тите години, вклучително и претседателот на ХДЗ – Иво Санадер. Штом партијата дојде на власт во 2004 година, криминалните активности одново започнаа.

Главни работи што треба да се издвојат од казнената постапка и пресуда во овој предмет против политичката партија ХДЗ се следните: (1) Донесување преседан дека политичките партии можат да сносат кривична одговорност во демократските

општества, а притоа да не се работи за политичко мотивирано судење; (2) Казнената постапка и пресуда против ХДЗ не ѝ предизвикаа штета на демократијата во Хрватска, туку, напротив, придонесоа за нејзина натамошна афирмација преку јакнење на идејата дека државната власт може да сноси и кривична одговорност за противправно дејствување; (3) Казнената постапка придонесе за извесно маргинализирање на политичката партија; (4) Придонесот од судењето и правосилноста на пресудата би биле многу поефективни доколку граѓаните на Република Хрватска би имале поголема доверба во правосудството, и не би имало толку недостатоци и пропусти во текот на самата постапка; (5) Придонесот за превенција на ваков криминалитет се забележува преку уништувањето на „црниот фонд" на ХДЗ и преку промената на раководството на самата партија.

Почетокот на новото судење на ХДЗ се очекува да започне во втората половина на 2016 година. Во случај при новото судење ХДЗ да биде прогласена за виновна и притоа осудена, тогаш може да побара помилување од претседателката на Република Хрватска, која е избрана токму од редовите на таа партија. Дали правдата во овој предмет ќе биде задоволена или ќе остане слепа, останува неизвесно.

## ЗАКЛУЧОК

Кога станува збор за расправата во врска со казнената одговорност на политичките партии, како клучни спротивставени интереси се појавуваат интересите на правдата и интересите на демократијата. И покрај тоа што историскиот развој на казненото право се движеше во насока на напуштање на колективната одговорност, новите тенденции укажуваат на тоа дека индивидуалната казнена одговорност е недостижна. Некои казнени дела се извршуваат од името на колективот и за задоволување на неговите интереси. Поради тоа се смета за праведно да се казни целиот колектив како таков, а не само неговите поединци. Таков интерес на правдата постои и во поглед на политичките партии. Од друга страна, воведувањето казнена одговорност на политичките партии може да ги потресе основните темели на уставниот поредок на секоја држава. Казната укинување определена политичка партија или забраната за вршење дејност може да има тешки последици заполитичко-правниот систем. Поради тоа, потребно е да се балансира меѓу наведените спротивставени интереси, а притоа посебно да се внимава на опасноста од можни злоупотреби на

казнената постапка. Македонскиот законодавец, со воведувањето казнена одговорностна правни лица за казнени дела дозволил и политичките партии да може кривично да бидат одговорни. Меѓутоа, од феноменолошка анализа на казнените дела што ги извршуваат политичките парии, воочено е дека каталогот на инкриминации за кои тие може да одговараат е несоодветен. Причината за тоа е што одредбите од посебниот дел на КЗ што пропишуваат казнена одговорност на правни лица, всушност, се приспособени за типични казнени дела, сторени од страна на трговските друштва, а не на политичките партии. За разлика од Македонија, Хрватска не ја ограничи казнената одговорност на правните лица на само еден одреден каталог казнени дела, туку дозволи правните лица, вклучително и политичките партии, да може да одговараат за сите кривични дела. Тоа е направено со цел казнената одговорност на политичките партии да не биде само уште една хипотетичка можност или само мртво писмо на хартија. Потребно е ревидирање на целиот каталог казнени дела во посебниот дел од КЗ (и други закони) за кои може да одговараат правните лица, или само да се пропише дека правните лица може да одговараат за сите кривични дела. Ако македонскиот законодавец пристапи кон ревидирање на каталогот санкции, од изнесената анализа, произлегува дека е потребно кривичната одговорност да се пропише за следните казнени дела: меѓународни злосторства (чл.403 до416-а од КЗ), казнени дела против државата (чл.305 до 327 од КЗ), злоупотреба на службената положба и овластување (чл.353 од КЗ), говор на омраза (чл. 319, чл. 394-г, чл. 407-а и чл. 417 од КЗ) и за сите кривични дела сторени против изборите и гласањето (а не само за чл. 162 и чл.165 -а од КЗ). Притоа, за меѓународните злосторства треба да дозволи и казна –престанок на политичката партија. Како заклучок, може да се каже дека казнената одговорност на политичките партии е еден од најголемите предизвици на современата демократија. Доведувањето на политичките партии пред суд, со цел да се утврди нивната одговорност за сторени кривични дела, треба да се разгледува во контекст на современата „јудицијализација“ (Judicialisation)[54] на политиката. Таквиот пристап е во согласност со уставната тројна поделба на власта, што е причината поради која во многу држави е незамислива казнена одговорност на политичките партии. Во овој труд ги анализиравме и практичните страни од овој аспект на казнената одговорност на правните лица. Хрватскиот преседан, секако, ќе послужи како вредно

[54]Види:Hirschl, R., The Judicialization of Politics, in K.E. Whitting to netal. (eds.), The Oxford Handbook of Law and Politics, Oxford University Press, стр. 119.

искуство од кое и други држави, вклучително и Република Македонија, може да учат од предностите и недостатоците на казнената одговорност на политичките партии.

## Цитирана литература


- Albrecht, H.-J., Countries in Transition: Effects of Political, Social and Economic Change on Crime and Criminal Justice – Sanctions and Their Implementation, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 7/4, 1990.
- Bentham, J., A Fragment on Government, Cambridge University Press, 1988.
- Деаноска-Трендафилова, А., Божиновски, А., Казнената одговорност на правните лица во Република Македонија – актуелни состојби и политика на казнување, Македонска ревија за казнено право и криминологија, година 21, бр.1, 2014.
- Durkheim, E., Suicide: A study in sociology, (George Simpson ed.), Routledge, 2005 (1897).
- Eastern Europe's Watergate, The Economist, 29th April 2013, available at http://www.economist.com/blogs/easternapproaches/2013/04/bulgarias-wiretapping-scandal
- Engelhart, M., International Criminal Responsibility of Corporations, u knjizi Cristoph Burchard, Otto Triffterer & Joachim Vogel (eds.) The Review Conference and the Future of the International Criminal Court, Kluwer, 2010.
- Gierke, O., Das deutsche Genossenschaftrecht, III., Dritter Band, Berlin, 1881.
- Hannum, H. & Hawk, D., The Case Against the Standing Committee of the Communist Party of Kampuchea, CambodiaDocumentationCommission, NewYork, 1986.
- Hirschl, R., The Judicialization of Politics, in K.E. Whitting to netal. (eds.), The Oxford Handbook of Law and Politics, Oxford University Press, 2008.
- Jakobs, G., Kriminalisierungim Vorfeldeiner Rechtsgutverletzung, Zeitschriftfürdiegesamte Strafrechtswissenschaft, Vol. 97., 1985.
- Камбовски, В., Витларов, Т., Казненоправна одговорност на правните лица според Новелата на КЗ од 2009 година
- https://scholar.ugd.edu.mk/tvitlarov/files/kaznenopravna_odgovornost_na_pravnite_lica_spored_novelata_na_kz_od_2009_godina.doc
- Камбовски, В., Казнено право: општ дел, Култура, Скопје, 2004, стр. 362.

- Locke, J., Second Treatise of Civil Government, in John Locke, Two Treatises of Government and A Letter Concerning Toleration (Ian Shapiro ed.), Yale University Press, 2003.
- Macionis, J.J. &Gerber, L.M., Sociology, Pearson Canada, Toronto, 2010.
- Marsavelski, A., Responsibility of Political Parties for CriminalOffences: Preliminary Observations, Challenges and Controversies, in A.-M. Getoš, H.-J. Albrecht & M. Kilchling, Mapping the Criminological Landscape of the Balkans, Dunker & Humblot, Berlin, 2014.
- Merton, R., Social Structure and Anomie, American Sociological Review, Vol. 3, 1939.
- Nietzsche, F., Thus Spoke Zarathustra (Adriandel Caro & Robert Pippineds.), Cambridge University Press, 2006.
- Posner, E., Political Trials in Domestic and International law, Duke Law Journal, Vol. 55, 2005.
- Quinney, R., Class, State and Crime, New York, 1977.
- Ристов, А., Казнената одговорност на правните лица, Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Скопје, 2007.
- Ризаов, Е., Крај на државата, Утрински весник, 25.2.2016.
- http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=03989408F2353A43BA1B6F40CA215DBE
- Roksandic Vidlicka, S., Marsavelski, A., Criminal responsibility of political parties for economic crimes: Democracy on Test, in: P.C. van Duyneetal. (eds.), The relativity of wrongdoing: Corruption, organized crime, fraud and money laundering in perspective, Wolf Legal Publishers, Oisterwijk 2015.
- Savigny, F.K., Systemdesheutigen Römischen Rechts, Vol. II, 1840.
- Shanon L. Bridgmon, Phillip B. Bridgmon, Ideology and Party Responsibility Within the Law and Justice Policy Domain, Criminal Justice and Policy Review, Vol. 21, issue 2, 2010.
- Solzhenitsyn, A., The Gulag Archipelago, Harper & Row, New York, 1975.
- Stoichkova, D., Towards Corporate Liability in International Criminal Law, Intersentia, 2010.
- Sutherland, E.H., White Collar Crime, Dryden Press, New York, 1949.
- Sutherland, E.H., White Collar Criminality, American Sociological Review, Vol. 5, No. 1., 1940.

- Tiedemann, K., Die “Bebussung” von Unternehmennachdem 2. Gesetzzur Bekämpfung der Wirtschaftskriminalität, Neue Juristische Wochenschrift, vol. 19, 1988.
- Wilson, J. Q. &Kelling, G.L. (1982), Brokenwindows, Atlantic Monthly 249.3., 1982.

## Цитирана судска практика

- *Armenian Genocide Case* (1971 [1919]), Martial Court Judgment, Official Gazette of Turkey, No. 3604, 22 July 1919. Translation by H. K. Kazarian Armenian Review, Vol. 24, No. 4.
- *Brandenburg v. Ohio* (1969), 395 U.S. 444.
- Nuremberg Judgment, IMT Judgment for the Trial of German Major War Criminals, 30 September and 1 October, 1946.
- *Prosecutor v. Brđanin* (2004), CaseNo. IT-99-36-T, ICTY Trial Chamber II, Judgmentof 1 September 2004.
- *Prosecutor v. Krajišnik & Plavšić*, Factual Basis for Plea of Guilt, Case No. IT-00-39&40-PT, 30 September 2002.
- *Prosecutor v. Krajišnik*, CaseNo. IT-00-39-A, ICTY Appeals Chamber Judgment, 17 March 2009.
- *Prosecutor v. Nahimana, Barayagwizaand Ngeze* (2003), Case No. ICTR-99-52-T, Trial Chamber I, Judgment and Sentence, 3 December 2003.
- *Prosecutor v. Nuon Chea & Khieu Samphan*, Case 002/01, Judgment of 7 August 2014, Case No. 002/19-09-2007/ECCC/TC.
- *Socialist Party and others v. Turkey* (1998), CaseNo. 20/1997/804/1007, ECtHR Judgmentof 25 May 1998.
- Vilniausapygardosteismo, Nr.1-5-495/ 2013, 12.7.2013.
- VSRH, I Kž-Us 130/14-10, 30.9.2015.
- *Yates v. UnitedStates*(1957), 354 U.S. 298.
- Županijski sud u Zagrebu, 13 K-US-8/12, 11.3.2014.

**Post Doctoral Lecturer Aleksandar Marshavelski PhD**[55]

# ANALYSIS OF THE CRIMINAL LIABILITY OF THE POLITICAL PARTIES AS LEGAL ENTITIES

**UDK Number 343.222:329**

**1.01 Scientific Article**

**Abstract**

When it comes to the debate on the criminal responsibility of political parties, as key conflicting interests appear the interests of justice and the interests of democracy. Although historical development of criminal law was moving towards the abandoning of the collective responsibility, recent trends suggest that individual criminal responsibility is still insufficient. Some offenses are carried out on behalf of the collective and to satisfy the interests of the same. Because of this it is considered fair to punish the whole collective as such, not just its individuals. Such interests of justice exists also in the terms of the political parties. The author in this paper analyzes the issue of criminal responsibility of political parties as legal entities and makes comparative analysis between the Macedonian and Croatian legislation and provisions regulating this legal matter.

**Keywords:** political parties, legal entities, criminal legislation

[55]Law Faculty in Zagreb.